**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2520 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по претставка

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 април 2019 година, изданието на емисијата „Правда и неправда" и самопромотивната најава за оваа емисија

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 мај 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:**

   – Писмено укажување за прекршување на член 61 од ЗААВМУ (емисија „Печат на неделата") бр. 03-112 од 08.03.2019

   – Писмено укажување за прекршување на член 61 од ЗААВМУ (самопромотивна најава за емисијата „Македонски инсајдер – Досие 003") бр. 03-135 од 26.03.2019

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор реализиран врз основа на претставка доставена преку електронска пошта (наш бр.03-37 од 03.05.2019 година), врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 16 април 2019 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Предмет на надзорот беа изданието на емисијата „Правда и неправда" емитувано на 16 април 2019 година во периодот од 21:10:15 до 22:11:45, во кое, како гости на дуел модериран од страна на новинарката Гордана Дувњак, учествуваат сопственикот на „БАНА Комерц" г. Киро Тошевски и еден од сопствениците на „НАСТЕЛ" г. Зоран Азманов, како и самопромотивната најава за оваа емисија, емитувана повеќе пати (на пример од 07:37:19 до 07:38:03).

Подносителот на Претставката, се жали дека 1 ТВ ги прекршила „основните начела согласно Уставот на РСМ за основните човекови права и слободи“ затоа што била „тенденциозна и пристрасна“, и тоа:

- Со изданието на емисијата „Правда и неправда“ бидејќи во неа, како што тврди – 75% од времето било посветено на г. Киро Тошевски, а 25% на г. Зоран Азманов, и

- Со самопромотивната најава во делот каде се наведува: „Нова измама на лицето Азманов или легални позајмици?“

Во претставката пошироко се образложува и процесот на договарање на емисијата и се бара Агенцијата да ја усвои претставката и да постапи по неа.

Со надзорот беше констатирано дека во емисијата, двајцата соговорници имаа доволно време да ги изнесат своите аргументи и контрааргументи и да покажат печатени докази – секој во прилог на својот став за прашање за кое очигледно не можат да се согласат и кое, како што е кажано во емисијата, е предмет на кривична пријава и пријава до Управата за финансиска полиција.

Во самопромотивната најава за емисијата, пак, се вели:

*„Не стивнуваат сознанијата за скандалозни криминални измами во државата. Сопственикот на „БАНА ДООЕЛ“, Киро Тошевски обвинува дека е измамен од бизнисменот Зоран Азманов, околу купопродажбата на атрактивно земјиште наменето за изградба на луксузна болница. Азманов пак, тврди дека дал позајмици со хипотеки заверени на нотар. Нова измама на лицето Азманов или легални позајмици? Гости на Гордана Дувњак во „Правда и неправда“, сопственикот на „БАНА Комерц“ Киро Тошевски и бизнисменот Зоран Азманов. Гледајте вечерва во 21 часот.“*

Во најавата се застапени ставовите на двете страни во емисијата, иако во еден момент се прејудицира дека станува збор за измама – што како што покажува емисијата, надлежните органи допрва треба да го испитаат. На ваков начин се доведува во прашање почитувањето на начелото за пресумпција на невиност од член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Поради ова, потребно е да се информира медиумот за пристигнатата претставка и да се потсети дека начелата за вршење на дејноста треба доследно да се почитуваат во сите содржини што се емитуваат, вклучувајќи ги и самопромотивните најави за емисиите.

**8. Опис на прекршувањето:**

/

**9. Предлог-мерка:**

/

***Сектор за програмски работи***